Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за јавна администрација
Ministria e administratës publike
Бр. - Nr 04-4556/19
31.12.2025 год. - viti
Скопје / Shkup

Република Северна Македонија

**Министерство за јавна администрација**

Архивски број: 04-4556/19
Датум: 31.12.2025

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/2019, 14/2020, 215/2021, бр.99/2022 и бр.208/24), државниот секретар на Министерството за јавна администрација донесе:

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат за унапредување по интерниот оглас бр.03/2025**

1.По спроведената постапка за унапредување во Министерството за јавна администрација, а за потребите на Државниот управен инспекторат по интерниот оглас за унапредување на 2 (двајца) административни службеници бр.03/2025 објавен на ден 15.12.2025 година, на веб страната на Министерство за јавна администрација, Државниот управен инспекторат и веб страната на Агенција за администрација, се врши избор на следниот кандидат:

-За работното место ИНС 01 01 Б04 001 Виш инспектор во одделението за вршење на инспекциски надзор југоисток, Одделение за инспекциски надзор за југоисточен регион, Сектор за вршење на инспекциски надзор Исток **се избира кандидатот Билјана Мијалова Штерјова;**

2.Изборот на кандидатот е извршен врз основа на Финална-ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат на Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение Бр.04-4556/10 од 23.12.2025 година.

3.Во рок од пет дена по конечноста на одлуката, државниот секретар на Министерство за јавна администрација ќе донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 на оваа одлука.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Министерството за јавна администрација по добиеното Известување за обезбедени финансиски средства Бр.19-9160/2 од 31.07.2025 година, од Министерството за финансии објави интерен оглас за унапредување на 2 (двајца) административни службеници бр.03/2025 на ден 15.12.2025 година на веб страната на Министерството за јавна администрација, Државниот управен инспекторат и веб страната на Агенција за администрација.

На објавениот интерен оглас бр.03/2025 за унапредување на 2 (двајца) административни службеници на работното место: Виш инспектор во одделението за вршење на инспекциски надзор југоисток, Одделение за инспекциски надзор за југоисточен регион, Сектор за вршење на инспекцикси надзор Исток,- 1(еден) извршител, се пријавиле 3 (тројца) кандидати.


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

На ден 23.12.2025 година, Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение бр.04-4556/10 од 23.12.2025 година, спроведе административна селекција, односно изврши увид во доставената пријава и приложените докази на пријавените кандидати и изготви Записник од административна селекција за интерен оглас бр.03/2025, Бр.04-4556/12 од 24.12.2025 година, со прилог Список на уредни и неуредни кандидати и Ранг листа на кандидати кои продолжуваат на интервју.

На ден 29.12.2025 година, државниот секретар на Министерството за јавна администрација, спроведе интервју со тројцата пријавени кандидати за работното место под реден број 1 од интерниот оглас бр.03/2025, за што до Комисијата за селекција за унапредување достави Извештај врз основа на кој Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спорведување на интервју состави записник Бр.04-4556/17 од 29.12.2025 година со прилог Список на кандидати со кои е спроведено интервјуто со освоени бодови од интервјуто и Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат.

По спроведената целокупна постапка согласно Законот за административни службеници, Комисијата за селекција за унапредување до државниот секретар на Министерството за јавна администрација достави Записник од административна селекција Бр.04-4556/12 од 24.12.2025 година, со прилог Список на уредни и неуредни кандидати и Ранг листа на кандидати кои продолжуваат на интервју и Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спорведување на интервју Бр.04-4556/17 од 29.12.2025 година со прилог Список на кандидати со кои е спроведено интервјуто со освоени бодови од интервјуто и Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат.

Согласно член 52 став 1 од Законот за административни службеници, во рок од три дена од добивањето на предлогот секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, е должно да донесе одлука за избор.

Согласно член 52 став 6 од Законот за административни службеници, секретарот односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар во рок од пет дена по конечноста на одлуката, донесува решение за унапредување на административниот службеник.

Врз основа на наведеното, државниот секретар на Министерството за јавна администрација, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација–Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР,**
**М-р Ѓорѓи Влајнкиноски**

ДОСТАВЕНО ДО:

-кандидатот;


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk